| | |
|---|---|
| **From:** | contact <contact@avmu.mk> |
| **Sent:** | Wednesday, June 19, 2024 7:42 AM |
| **To:** | zaposta@avmu.mk |
| **Subject:** | [Fwd: Одлуки на Комисијата за жалби по одржаните седници на: 21.03.2024 и 04.06.2024 год.] |
| **Attachments:** | [illegible] КВИР Центар за |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 19.06.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 5 | | |

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject: Одлуки на Комисијата за жалби по одржаните седници на: 21.03.2024 и 04.06.2024 год.
From: Совет за етика во медиумите на Македонија <info@semm.mk>
Date: Wed, 19 Jun 2024 05:43:10 +0000
To: Совет за етика во медиумите на Македонија <info@semm.mk>

Почитувани,

Ве известуваме дека Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите, по одржаните седници на 21.03.2024 и 04.06.2024 година, ги донесе долунаведените одлуки по жалбите добиени од:

1. **преку ААВМУ за Слободен Печат.мк;**
2. **КВИР Центар за Фокус.мк.**

Одлуките се во прилог на овој меил, во ПДФ верзија. Исто така, документите може да се симнат и на следниов веб линк: **https://we.tl/t-NfsyXVt1Yh.**

Со почит,


Совет за етика во медиумите на Македонија
Këshilli për etikë në media në Maqedoni
Council of Media Ethics of Macedonia

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

–
тел./факс 02 3222 595
www.semm.mk



--
This message has been scanned for viruses and

dangerous content by **MailScanner**, and is
believed to be clean.

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 96/0306
30.04 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21.03.2024 година, врз основа на примена жалба од лицето [redacted] преку ААВМУ за Слободен Печат.мк следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов „ВОЗНЕМИРУВАЧКО ВИДЕО, 15-годишно девојче среде Скопје брутално претепано од соученички, заврши со тешки повреди“, не отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени Кодексот на новинарите на Македонија.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на 04.03.2024 година, лицето преку допис испратен од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесе жалба за текстот со наслов**„ ВОЗНЕМИРУВАЧКО ВИДЕО, 15-годишно девојче среде Скопје брутално претепано од соученички, заврши со тешки повреди “.**

Жалителката смета дека се во новинарската содржина се изнесени „невистинити податоци во врска со овој случај, со што е загрозен угледот и честа на сите инволвирани страни т.е семејствата на малолетниците во видеозаписот.
Во жалбата се истакнува и следното: „За овој случај се води судски спор пред надлежните органи, за што со објавувањето на видеото се влијае негативно и пристрасно врз мислењето на јавноста, така и на инволвираните во случајот“.

Во жалбата се бара демант од страна на медиумот и повлекување на видеото кое е споделено, како и да истакне дека изнесените податоци се невистинити и непроверени.

Инаку жалбата е испратена од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бидејќи ја добила од страна на но бидејќи нема надлежност над интернет порталите, а бидејќи се однесува на наводи за прекршување на професионални стандарди и етички норми одлучи да ја препрати до Советот за етика во медиумите.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Слободен печат“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Во одговорот на интернет – порталот „Слободен печат“ се вели дека „По повод жалбата, истакнуваме дека во целост ги оспоруваме и отфрламе наводите во жалбата од страна на жалителката и истите ги сметаме паушални, апсолутно невистинити и неосновани а барањето за наш демант нема да биде ни под еден услов исполнето од следните причини:
Во жалбата не е наведен ниту еден факт или доказ кој би ги поткрепил тврдењата на жалителот, напротив; единствено точно во жалбата е дека станува збор за малолетно лице а ние би додале -малолетни лица„.
Понатаму се вели дека „Иницијалните податоци за настанот што последично нашата новинарка (по сите неопходни извршени проверки во МВР, увид во профилите на социјалните мрежи на инволвираните малолетници, разговор со родители на инволвираните во настанот со кои можеше да стапи во контакт) ги сублимираше во

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

новинарскиот прилог, а истите се добиени по допрен глас од јавноста и се несомнено (последично проверени) потврдени од кредибилни извори - беа материјал за изработка н новинарската сторија„.

Во продолжение на одговорот се вели „По согледување на сета состојба и факти врзани за овој настан, истакнуваме (форензиката и извештаите на МВР тоа го потврдуваат) дека видеото со наслов ,,Bitch Fight,, веднаш по случување на настанот – на социјалните мрежи го има објавено малолетникот, на денешен ден веќе обвинет за насилство, против кого е поднесена кривична пријава за насилство а последично и е покрената судската постапка по оваа пријава; малолетникот - објавувач на видеото ,,Bitch Fight,, , по негативните реакции на јавноста, истото видео го има избришано од своите профили на социјалните мрежи, но остави дигитална трага од објавата (МВР), која е вирално распространета низ интернет просторот преку пораки, линкови итн., и ден денес видеото може да се пронајде во изворна форма. Ние го поседуваме оригиналното видео и мета податоците на оној што го снимил и објавил. Неколку недели подоцна, истиот малолетник го објави и видеото од модрото око на малолетникот жртва - на Инстаграм, за што помеѓу другото е и поднесена и евидентирана пријава во МВР од родителите/старателите на жртвата. И за ова имаме материјални докази„.

Слободен печат смета дека „Согласно новинарските стандарди а врзано за третман на врсничко насилство - текстот и видео материјалот беа објавени согласно правилата за заштита на идентитетот на малолетници, со придржување до највисоките професионални стандарди и етички вредности. Сторијата е објавена со респект кон жртвите на насилство а истовремено се водеше сметка за заштита на приватноста. Во објавените текст и видео, со намера за апсолутна анонимизација, намерно се скриени идентитетите на учесниците и името на училиштето НЕ СЕ НАВЕДЕНИ (иако за нас од прв момент беа познати), за да не може тие поблиску да се идентификуваат“.

Медиумот констатира дека „Меѓуврсничкото насилство остава долготрајни последици и трауми врз жртвата, и затоа известуваше и ќе продолжи да ја известува јавноста за оваа немила појава и тренд“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и <u>едногласно</u> одлучи дека во текстот не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата одржана на 21.03.2024 одлучи дека во објавеното видео не може да се препознае идентитетот на инволвираните малолетници, не се наведени детали и факти околу училиштето или други детали кои би воделе кон откривање на идентитетот, а со тоа се почитува принципот на заштита на приватноста.

Објавените податоци се проверени од извори, кои се официјални и доверливи и нема основа за објавување на демант.

Во согласност со наведеното, Комисијата **едногласно** одлучи како што е погоре образложено.

Во расправата за оваа жалба учествуваа следните членови на Комисијата:

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595